**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и шесттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 28.12.2017 година**

**Скопје, декември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и шесттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 28.12.2017 година**

Седницата започна во 16:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Тренеска, министер за образование и наука, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваше и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваше и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со поднесеното барање на ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, Скопје за издавање на овластување за изградба на ветерна електрана „Богословец“, со Предлог-одлука

2. Информација во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Црвени Брегови“, Општина Неготино, „Дризла“, Општина Студеничани, „с. Ново Село“, Општина Штип и „Рафче“ Општина Сарај“, со Предлог-одлука

3. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини за локалитетите „Самарница“ Општина Прилеп и Општина Долнени и „Стари Присад Стена“, Општина Прилеп и тендерската документација за спроведување на постапката по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“, бр. 177/2017), со Јавен повик и Тендерска документација

4. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИЦАЛ 420 увоз-извоз ДОО Битола, за вршење на дејност одгледување на коноп за медицински цели, со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2018 година

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање на ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, Скопје за издавање на овластување за изградба на ветерна електрана „Богословец“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за овластување за изградба на енергетски објект ветерна електрана „Богословец“ на ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, Скопје (најнов текст), во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Црвени Брегови“, Општина Неготино, „Дризла“, Општина Студеничани, „с. Ново Село“, Општина Штип и „Рафче“, Општина Сарај, со Предлог-

одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини за локалитетите „Самарница“, Општина Прилеп и Општина Долнени и „Стари Присад Стена“, Општина Прилеп и тендерската документација за спроведување на постапката по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“, бр. 177/2017), со Јавен повик и Тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИЦАЛ 420 увоз-извоз ДОО Битола, за вршење на дејност одгледување на коноп за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИЦАЛ 420 увоз-извоз ДОО Битола, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

1. Претседателот на Владата на Република Македонија од редот на министрите без ресор го определи Аксел Ахмедовски, за министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

**Точка 7**

1. Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, информира за одржаната средба со генералниот директор на компанијата ТАВ Аеродроми-Скопје и за неможноста за изградба на аеродром во Штип (поради немање услови за изградба, физибилност, одржливост и слично) и укажа на потребата членовите на Владата да ја разгледаат можноста средствата во износ од околу 45 милиони евра предвидени за оваа намена, согласно Договорот за концесија, каде би можело да бидат искористени, односно пренаменети/инвестирани во некои други области (пр. училишта, болници, потреби на државата и слично).

Воедно, претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, ги информира членовите на Владата за можноста за добивање бескаматен кредит од Словенија во износ од 20-25 милиони евра, во врска со што членовите на Владата да ги разгледаат приоритетите за кои може да се искористат овие средства (пр. набавка на комунални

возила за комуналните претпријатија, за собирање на смет, чистење на канализациона мрежа, за диви депонии, односно регулирање на санитарните депонии, изградба на пречистителни станици и слично).

2. Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, на присутните министри и заменици - министри им посака среќна Нова 2018 година, со желби истата да биде подобра и поуспешна во реализацијата на реформите, зацртаните приоритети и сите останати активности и проекти од важност за граѓаните на Република Македонија.

3. Владата заклучи, наредната седница на Владата да се одржи на 4.1.2018 година (четврток), со почеток во 17.00 часот.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:35 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |